Тип на документ:
Подзаконски акт
Број на Службен весник:
24/2011
Датум на објавување:
25.2.11

МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ

Врз основа на член 42-а став (2) и (9) од Законот за гробишта и погребални услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 86/08 и 156/10), министерот за транспорт и врски, донесе

# ПРАВИЛНИК
# ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ПОКАНАТА ЗА ЕДУКАЦИЈА, НАЧИНОТ НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЕДУКАЦИЈАТА, КАКО И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА ЕВИДЕНЦИЈА ЗА СПРОВЕДЕНАТА ЕДУКАЦИЈА

## Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на поканата за едукација, начинот на спроведување на едукацијата, како и начинот на водење на евиденција за спроведената едукација.

## Член 2

За спроведување на едукацијата на лицето или правното лице овластениот комунален инспектор му врачува покана за спроведување на едукација, со која се повикува на едукација.

Поканата од став 1 на овој член е дадена во Прилог и е составен дел на овој правилник.

## Член 3

Поканата за спроведување на едукација се печати на хартија во бела боја со формат А4 и содржи:
- Грб на општината, општината во градот Скопје, односно градот Скопје, назив на органот кој ја спроведува едукацијата и број.

1. Податоци за лицето кое се повикува на едукација:
- име и презиме;
- единствен матичен број на граѓанинот (ЕМБГ);
- адреса на живеење;
- работно место на кое е распоред во правното лице.

2. Податоци за правното лице:
- назив и седиште;
- место, време и датум каде/кога ќе се спроведе едукацијата;
- предмет на поканата со краток опис и назначување на одредбата за која е направена

неправилноста;
- име, презиме и потпис на повластениот комунален инспектор;
- име презиме и потпис на лицето кое се повикува на едукација;
- место и датум на издавање и место за печат.

## Член 4

Едукацијата се спроведува во просториите на инспекциската служба на општината, општината во градот Скопје, односно градот Скопје.

Едукацијата ја организира и спроведува општината, општината во градот Скопје, односно градот Скопје преку овластените комунални инспектори.

## Член 5

Едукацијата се врши еднаш неделно, а по потреба и повеќе пати.

## Член 6

Евиденцијата за спроведената едукација општината, општината во градот Скопје, односно градот Скопје ја водат во електронска форма.

Евиденцијата содржи: назив и седиште на правното лице, име и презиме на лицето на кое му е врачена поканата за спроведување на едукација и место и датум кога е извршена едукацијата.

## Член 7

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија‟.

Број 01-2688/2

24 февруари 2011 година — Министер,

Скопје — **Миле Јанакиески** , с.р.

Грб на општината,
општината во градот Скопје, односно градот Скопје
Инспекциска служба за комунални работи

Број________

**Покана**
**за спроведување на едукација**

1. Податоци за лицето кое се повикува на едукација:

Име и презиме ________________________________
Единствен матичен број (ЕМБГ)________________________
Адреса на живеење_____________________________
Работно место на кое е распореден во правното лице______________
_____________________________________________________________

2. Податоци за правното лице

_____________________________________________________________
(Назив и седиште)

Инспекциската служба за комунални работи ќе спроведе едукација во _____
Часот на ден ______________ година во просториите на инспекциската служба на
улица _____________________________ во _______________.

Предмет на поканата е ________________________________________
_____________________________________________________________
( Се наведува дејствието и членот од законот)

Име и презиме и потпис на
овластениот комунален
инспектор
_____________________

Име,презиме и потпис на
лицето кое се повикува на
едукација
_____________________

Место и датум на издавање
_____________________ м.п.